РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-545/2
13. 03 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Рурална Коалиција, застапник Ј [redacted] ул. Јордан Пиперката бр.15 Кичево, со број 10-545/1 од 18.02.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Рурална Коалиција, застапник Ј [redacted] и ул. Јордан Пиперката бр.15 Кичево заверено под број 10-545/1 од 18.02.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Рурална Коалиција, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 18.02.2025 година заверено под број 10-545/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали во 2024 година вработени во општината учествуваа во обуки за дигитални вештини; вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача вашата општина за 2024г; вкупен број на е-услуги кои ги испорача вашата општина за 2024г; дали општината предвидува дигитализација на услугитево 2025г;дали во 2024г општината спроведе годишно анкетирање на граѓанитеза изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидаат понудени; дали општината предвидува воведување на нови услугиво 2025г.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното: Во 2024 година во Општина Ресен не учествуваа вработени на обуки за развивање на догитални вештини; За услугите не се води посебна евиденција со број на предмети; За е-услугите исто така не се води посебна евиденција со број; Не е предвидена дигитализација на услуги во 2025г, во границите на можностите доколку има потреба дополнително ќе се предвидат; Годишно анкетирање на граѓаните за нивните услуги нема-граѓаните можат секој работен ден да се обратат до службите на Општината и да се изнесат нивните мислења и предлози; Општината во 2025г не предвидува воведување нови услуги-Во зависност од потребите на општината во иднина ќе се предвидува воведување на нови услуги.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**